ПАКОМАК

ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

# Е-ИНФО 03

## АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈУЛИ ДО СЕПТЕМВРИ 2012

ПАКОМАК ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ | PRO EUROPE

# АМБАЛАЖАТА ШТО ИМА МИНАТО, **МОЖЕ ДА ИМА И ИДНИНА!**

## АКТИВНОСТИ НА КОМПАНИЈАТА

ВО ТРЕТОТО ТРОМЕСЕЧЈЕ ОД ОВАА ГОДИНА ПАКОМАК ПРОДОЛЖИ СО АКТИВНОСТИТЕ И ПРОЕКТИТЕ ШТО БЕА ФОКУСИРАНИ НА ЕДУКАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ВАЖНОСТА И ПРИДОБИВКИТЕ ОД СЕЛЕКЦИЈАТА И ПРЕРАБОТКАТА НА АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД. ПАРАЛЕЛНО СО ТОА, ПАКОМАК СЕ ФОКУСИРАШЕ И НА СВОИТЕ КЛИЕНТИ, ОБЈАСНУВАЈЌИ ИМ ГИ И ОЛЕСНУВАЈЌИ ИМ ГИ ЗАКОНСКИТЕ ОБВРСКИ ПОВРЗАНИ СО СПРАВУВАЊЕТО СО АМБАЛАЖНИОТ ОТПАД ШТО ГО ПУШТААТ НА ПАЗАРОТ.
ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА КОМПАНИЈАТА ВО ПЕРИОДОТ ОД ЈУЛИ ДО СЕПТЕМВРИ ОВАА ГОДИНА.

## БИЗНИС ЗАЕДНИЦА

- Бесплатна програма за превенција на создавање на отпад од пакување за клиентите на Пакомак
- Донација на контејнер на Комунална Хигиена Скопје

## НАСЕЛЕНИЕ

- Еколошка акција во училиштата
- Донација на Пакомак за ботаничката градина на Зоолошката градина
- Поставување канти за селектирано собирање отпад во ГТЦ
- Донација на контејнери и канти на аеродром Александар Велики и Охридскиот аеродром
- Едо Маајка и Пакомак порачаа „Еко му е мајката“
- Пакомак направи добар гест – го остави Прилеп чист по Пивофест!
- Пакомак донираше опрема за учениците во „Ј.Х. Песталоци“
- Поставени контејнери за почиста животна средина
- Почисти базени, спортски центри и плажи со кантите од Пакомак
- Промоција на пластични контејнери во Штип
- Пакомак активности во Веро

## ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ И НАСТАНИ

- Пакомак соработува со Комунална Хигиена за почисто Скопје
- „Лице в лице“ – со уметнички дела до почиста животна средина
- Поставување на табли “Нашата зелена граница” на Водно
- Планинска велосипедска трка „Трофеј Ѓорче Петров 2012“
- Пакомак за најмладите – Учество во Ноќ на Истражувачите

# БИЗНИС ЗАДНИЦА

На 13.09.2012 год. врз основа на укажување на членките–создавачи на отпад од пакување, во Стопанската комора на Македонија се одржа состанок на тема “Разјаснување на одредби од Законот за пакување и отпад од пакување”. На состанокот земаа учество претставници на регистрираните колективни постапувачи со отпад од пакување, компаниите-создавачи на отпад од пакување, претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање и тоа: Филип Иванов - директор на Управата за животна средина, Ана Мазнева – раководител на секторот за животна средина и Фирус Мемедов – директор на Државниот инспекторат за животна средина.

На состанокот беше донесен заклучок дека лиценцирање на количините на отпад од пакување за 2011 година, како и за јануари – март 2012 година **е валидно единствено со потврда од ПАКОМАК** како единствен колективен постапувач за наведените периоди или, пак, потврда од Министерството за животна средина и просторно планирање доколку давачките се платени кон државниот буџет.

# 1 БЕСПЛАТНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА СОЗДАВАЊЕ НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ ЗА КЛИЕНТИТЕ НА ПАКОМАК

ПАКОМАК со својот експертски тим почна со изработката на **програма за спречување и превенција на создавање на отпад од пакување** која што согласно член 7 став 2 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување **е законска обврска** на секој правен субјект кој што кумулативно на годишно ниво има пакување и отпад од пакување **поголемо од 30 тони**. Програмата треба да биде изработена **најдоцна до 31.12.2012 год**. и да биде со важност од 4 години. ПАКОМАК оваа програма за своите клиенти ќе ја изработи **бесплатно**.

# 2 ДОНАЦИЈА НА КОНТЕЈНЕР НА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА СКОПЈЕ

ПАКОМАК ѝ донираше на компанијата Комунална Хигиена–Скопје прес-контејнер за потребите на хипермаркетот Carrefour. Контејнерот со зафатнина од 20 $m^3$ е лоциран во новиот City Mall во Скопје и во него ќе се складираат различни видови на материјали пред да бидат однесени на рециклирање. Со прес-контејнерот се минимизира просторот потребен за складирање отпад.



# НАСЕЛЕНИЕ

## 1 ЕКОЛОШКА АКЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА

Пакомак, заедно со радио Бубамара и општините Карпош и Кисела Вода, започна  еколошка акција за почиста околина и за подобрување на хигиенските услови во сите основни училишта од овие општини со поставување на апарати за течен сапун во сите тоалети кои ќе помогнат во подобрување на хигиенската инфраструктура во училиштата.

Целта на акцијата, која ќе трае до крајот на учебната година, е да се поттикнат децата да го селектираат отпадот и да се создадат нови, еколошки едуцирани генерации. Задачата на децата во претстојниот период ќе биде да носат најмалку 5 пластични шишиња неделно и да ги ставаат во специјални контејнери за пластичен отпад, поставени во училиштата од страна на Пакомак. Во однос на количината на собраниот отпад, ќе биде дониран специјален течен сапун за потребите на децата..

Проектот опфаќа 15.000 семејства во Скопје кои почнаа да го селектираат отпадот и кои заедно размислуваат и разговараат за екологијата, за дивите депонии, за идните предизвици на планетата Земја и за тоа како паметно да се селектира отпадот за да добиеме почиста планета, почист воздух, поздрава храна и почисто училиште.







# 2 ДОНАЦИЈА НА ПАКОМАК ЗА БОТАНИЧКАТА ГРАДИНА НА ЗООЛОШКАТА ГРАДИНА

Презентирајќи ги своите активности и постигнати резултати во 2011 година, Пакомак освои награда на јавниот конкурс на градот Скопје за најголем придонес во областа на животната средина.

Освоената парична награда Пакомак ја удвои и ја донираше за ботаничката градина кој што се наоѓа во склоп на Зоолошката градина во Скопје. Во ботаничката градина со овие средства ќе се поставаат чешми и канти за селектирано собирање на отпад, а ќе се направат и табли со опис на изложените растенија.

Како општествено-одговорна компанија, Пакомак и понатаму ќе продолжи со акции и донации на средства со кои ќе придонесе за зачувувањето на природата.





# 3 ПОСТАВУВАЊЕ КАНТИ ЗА СЕЛЕКТИРАНО СОБИРАЊЕ ОТПАД ВО ГТЦ

Во соработка со ГТЦ Скопје, Пакомак донираше “инокс” канти за селектирано собирање на отпад во Градскиот Трговски Центар во Скопје.

Поставени на една од најфрекфентните локации во градот, со овие канти ќе се пренесе пораката за важноста од селектирање и рециклирање на отпадот до голем број на граѓани.








# 4 ДОНАЦИЈА НА КОНТЕЈНЕРИ И КАНТИ НА АЕРОДРОМ АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ И ОХРИДСКИОТ АЕРОДРОМ

Пакомак, во соработка со TAV, донираше контејнери, канти и “инокс” канти за селектирано собирање на отпад на скопскиот аеродром Александар Велики, како и на охридскиот аеродром.

Компанијата и понатаму ќе продолжи да поставува канти и контејнери за селектирано фрлање на отпадот за да им овозможи на граѓаните да го селектираат својот отпад и со тоа да помогнат истиот да биде повторно употребен, наместо да заврши во природата, загадувајќи ја почвата.











# 5 ЕДО МААЈКА И ПАКОМАК ПОРАЧАА „ЕКО МУ Е МАЈКАТА“

Пакомак ги ангажираше талентите на познатиот босански рапер Едо Маајка и заедно со Џака Накот и DJ Гоце Саф, на 3 јули во летниот клуб „Хавана“, одржаа целовечерен бесплатен еко-концерт, каде единствена влезница беа 3 пластични шишиња од која било големина.

Влезници за концертот доби секој кој на пултовите на Пакомак донесе три пластични шишиња. Пултовите беа поставени на плоштадот Македонија и во градскиот парк.

Пред Едо настапи нашиот познат рапер и член на хип-хоп колективот „Легијата“, Да Џака Накот. Неговиот едночасовен настап ја раздвижи публиката пред сцената да му припадне на ѕвездата на вечерта, Едо Маајка, кој со неговиот пријател и соработник Френки им пружи на скопјани концерт за паметење.





„Настанот е одлична идеја и баш би сакал да направам ваква турнеја“, изјави Едо по концертот и порача дека секоја држава би требало да ја искористи иницијативата со три шишиња наместо билет, со цел да се подигне еколошката свест на граѓаните.

„Главната цел на нашето работење е да ја подигнеме еколошката свест на јавноста. Напорно работиме да го постигнеме тоа и постојано се трудиме да покажеме дека грижењето за околината во која живееме и вклучувањето во разни еко – акции е всушност многу забавна работа. Токму поради тоа се одлучивме да го организираме овој настан и да и понудиме на јавноста да добие влезници на креативен и несекојдневен начин, преку кој ќе се заштити градот во кој тие живеат.“ – изјави извршниот директор на Пакомак, Филип Ивановски.










# 6 ПАКОМАК НАПРАВИ ДОБАР ГЕСТ – ГО ОСТАВИ ПРИЛЕП ЧИСТ ПО ПИВОФЕСТ!

Годинешниот Пивофест уште еднаш помина во атмосфера на добро пиво, одлична храна, многу музика и забава. Од 12 до 15 јули, Прилеп го живееше ритамот на златниот напиток – пивото, заедно со 400 000 весели пивопијци. Пакомак секако дека беше присутен на настанот со голем број активности, придонесувајќи на богатата атмосфера со едукација и награди за посетителите.

Во духот на екологијата и пивото, штандот на Пакомак претставуваше истовремено пункт и за собирање отпадоци и за наградување на гостите со пиво. За секои пет пластични чаши или лименки донесени на пунктовите, еко-свесните прилепчани добиваа ваучер за гратис точено пиво. За време на фестивалот беа поделени 3 000 ваучери – тоа е многу отпад!










# 7 ПАКОМАК ДОНИРАШЕ ОПРЕМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО „Ј.Х. ПЕСТАЛОЦИ“

Основното училиште „Ј.Х.Песталоци“ доби кошаркарска опрема за учениците, како и летниковец за затскривање од горештините.

Освен опремата и летниковецот, беше поставен и контејнер за селектирано собирање пластика и хартија. Во рамките на училишните активности, Пакомак се обврза да организира обука за наставници и ученици од прво до деветто одделение за селектирано собирање на отпад од пакување и придобивки од рециклирањето. Обуките ќе се спроведуваат во учебната 2012/2013 во просториите на училиштето, за време на еден школски час.








# 8 ПОСТАВЕНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Иницијативите на Пакомак за зачувување на животната средина продолжуваат. Во соработка со Комунална хигиена Скопје беа поставени оптимален број на контејнери за хартија, пластика и лименки во неколку општини во Скопје, на средно Водно и Милениумскиот крст, како и контејнери за хартија и пластика во ресторантите на McDonald's во Тафталице и Центар. Во периодот што следува продолжуваме и во останатите општини.



Скопје, низ општините



Скопје, Водно Милениумски крст



Скопје, McDonald's ресторан, Рекорд



Скопје, средно Водно, паркинг кај жичарата



Скопје, McDonald's ресторан, Тафталице

Исто така во соработка со локалните комунални претпријатија беа поставени оптимален број на контејнери за пластика во Охрид, Крушево, Кичево, Струга, како и контејнери за хартија и пластика во село Галичник:


Охрид, Шеталиште


Крушево, центар


Кичево, ул. Ужичка под Крушино


Струга, Пливалиште


с. Галичник, влез на селото


Струга, пред пазарот

www.pakomak.com.mk

# 9 ПОЧИСТИ БАЗЕНИ, СПОРТСКИ ЦЕНТРИ И ПЛАЖИ СО КАНТИТЕ ОД ПАКОМАК

Канти за селектирано собирање на хартија, пластика и лименки беа поставени во повеќе спортски центри во Скопје и плажи во Охрид и Дојран:


Скопје, Базен Карпош


Скопје, Спортски центар Борис Трајковски


Скопје, Градски стадион Филип II


Охрид, плажа Акапулко


Дојран, шеталиште на кејот


Охрид, плажа Бафало

# 10 ПРОМОЦИЈА НА ПЛАСТИЧНИ КОНТЕЈНЕРИ ВО ШТИП

Пакомак донираше контејнери за селектирано фрлање на отпадот и на територијата на градот Штип. Покрај повеќето општини градот Штип е осмиот град во Македонија во кој Пакомак ја реализира оваа активност.

Со оваа акција продолжуваат нашите напори за подигнување на свеста на населението за потребата од селективно фрлање на отпадот и негово рециклирање и остварувањето на нашите национални цели изјавуваат од Пакомак. За да ја заштитиме животната средина, ние и понатаму планираме слични акции.






# 11 ПАКОМАК АКТИВНОСТИ ВО ВЕРО

Од ноември, Пакомак, во соработка со Веропулос, ќе започне со промотивни и едукативни активности во дел од супермаркетите Веро со цел да се подигне еколошката свест во јавноста.

Во промотивниот период таму ќе бидат поставени едукативни еко-пораки во кои ќе биде истакната важноста на селектирањето и рециклирањето на амбалажниот отпад, ќе се делат еко-награди, а за време на викендите ќе има и едукативни детски игри. Целта на сите овие активности е да се иницира промена во однесувањето на јавноста.

Исто така, оваа година Пакомак повторно ќе го организира и наградниот еко-конкурс Trash for art за креирање уметнички дела од амбалажен отпад. Само да потсетиме минатата година на конкурсот пристигнаа повеќе од 130 дела, од кои 5 беа наградени.



# ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ

## 1 ПАКОМАК СОРАБОТУВА СО КОМУНАЛНА ХИГИЕНА ЗА ПОЧИСТО СКОПЈЕ

ЈП Комунална Хигиена Скопје и Пакомак започнаа соработка за означување на контејнерите на подрачјата на Центар и Карпош со цел наменска поделба на контејнерите според различните видови отпад и подобро распределување и селекција на отпад.





# 2 „ЛИЦЕ В ЛИЦЕ“ – СО УМЕТНИЧКИ ДЕЛА ДО ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Пакомак во соработка со Центарот за медиумски активности од Скопје ја организираше ликовната работилница „Создаваме чиста животна средина“ со децата од улица згрижени во Дневниот центар во Шуто Оризари. Работилницата се одржа на 12 и 13 јули и беше дел од регионалната платформа „Лице в лице“, иницијатива која се обидува да ги фокусира децата од улица и да ги насочи да се изразуваат креативно.

Тимот на Пакомак заедно со ликовниот уметник Сергеј Андреевски ги учеше дечињата како да преобликуваат отпаден материјал и да создадат од него уметничко дело. Пакомак ги награди најдобрите ликовни творби.







# 3 ПОСТАВУВАЊЕ НА ТАБЛИ “НАШАТА ЗЕЛЕНА ГРАНИЦА” НА ВОДНО

Во рамки на проектот “Нашата зелена граница”, организиран од Агенцијата за спорт и млади, Министерството за животна средина и град Скопје, Пакомак постави табли “Нашата зелена граница” на средно Водно и на врвот на Водно кај крстот.

Целта на овие табли е да функционираат како потсетници до сите посетители на Водно да внимаваат на својата лична “зелена” граница и да го фрлаат својот отпад во кантите за селектирано собирање на отпадот  поставени од Пакомак , зачувувајќи ја планината чиста. Се надеваме дека ваквата еколошка порака ќе придонесе за намалување на отпадот во овој регион, кој е видно зголемен по пуштањето на жичарницата до Милениумскиот крст поради поголемата раздвиженост на Водно.








# 4 ПЛАНИНСКА ВЕЛОСИПЕДСКА ТРКА „ТРОФЕЈ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 2012“

На пределите на планината Жеден, која ги опфаќа општина Ѓорче Петров, односно атарите на селата Кучково, Грачани, Никиштани и Орман, на 16 септември се одржа првата Планинска велосипедска трка “Трофеј Ѓорче Петров 2012”, која беше од меѓународен карактер.

Пакомак ја поддржа трката, организирана од страна на ЗОСЕР Изгрејонце, со поставување на канти за собирање на отпадот со цел да ја подигне свеста кај учесниците и сите оние кои ја следеа трката дека природата треба да се чува чиста и незагадена од отпад и отпадни материи за да може и понатаму да спортуваме и уживаме во неа.







# 5 ПАКОМАК ЗА НАЈМЛАДИТЕ – УЧЕСТВО ВО НОЌ НА ИСТРАЖУВАЧИТЕ

Четвртиот петок во септември е прогласен за Ноќ на Истражувачите од страна на Европската Комисија. За да се одбележи овој ден, Американ Колеџ организираше интересен настан на градскиот плоштад во Скопје со интерактивни презентации, хемиски експерименти, со малку уметност и со многу музика.

Во рамките на овој настан, Пакомак ја делеше бесплатно детската едукативна сликовница “Змејот Змејко и зелената тајна”. Оваа сликовница, на забавен начин и со разбирлив детски јазик, зборува за важноста од селектирање на отпадот и негово рециклирање.






ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2012

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

PRO EUROPE